Бр./Nr 12-3346/1
23-11-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 40-та седница одржана на 28.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1159/1 од 22.03.2025 година, СЕ ОТФРЛА поради тоа што во истата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконски или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-1159/1 од 22.03.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител е поднесена пријава со број 12-1159/1 од 22.03.2025 година, кон која не се доставени прилози и во која подносителот изразува сомневање за незаконитост во постапка за легализација

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

на неименуван објект во населба ----, како и во постапка за издавање на одобренија за градење во Општина ----. Наведува дека има пријавено и до Општина ----и до градежна инспекција, како и до ----.

Државната комисија по разгледувањето на пријавата, имајќи предвид дека во истата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконски или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должностза да може по неа да се постапува, а со оглед дека подносителот не е познат дополнителни податоци не можат да се обезбедат, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,
Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Советник
Контролирал: м-р Ј.Ц. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. Член на ДКСК